**БАРАЊЕ 23-1013**

Дали во општината е формиран младински центар согласно со Законот за младинско учество и младински политики?
Доколку е формиран, бараме да се достават следните документи и информации:

- Одлука за формирање на младинскиот центар;
- Одлука за избор на граѓанска организација која ќе раководи со младинскиот центар;
- Извештај за работата на младинскиот центар за претходната календарска година (2024);
- Програма за работа на младинскиот центар за 2025 година;
- Податоци за издвоени средства од буџетот на општината за младинскиот центар за претходните 2 години, односно за 2023 и 2024 година, како и податок за предвидени средства за младинскиот центар за тековната, 2025 година.

**ОДГОВОР 23-1013**

ДА. Во Општина Кавадарци е формиран младински центар. Согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл.Весник на РСМ 10/20), општините се задолжени да основаат Младински центри.

- Неговото формирање е врз основа на Меморандумот за соработка, склучен помеѓу Агенцијата за млади и спорт и Општина Кавадарци со арх.бр.09-7081/1 од 19.12.2019 година, кој Ви го праќаме во прилог.
- Одлука за избор на младинска организација која раководи со младински центар Ви ја праќаме во прилог.
- Финансиски и наративен извештај за работата на младински центар за 2024 година Ви го праќаме во прилог.
- Во тек е Јавен повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младински Центар -Кавадарци и врз основа на истиот заинтересираните организации доставуваат и годишна програма за работа на Младинскиот Центар за 2025 година. Јавниот повик можете да го видите на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/soopshtenie/250207-javen-povik-za-izbor-na-mladinska-organizacija-ili-organizacija-za-mladi-koja-ke
- Секоја година согласно Програма за работа и Договор за управување и раководење со младински центар-Кавадарци, се одвојуваат финансиски средства на младински центар-Кавадарци. За 2022 и 2023 година се одвоени по 600.000,00 илјади денари годишно, а за 2024 година 800.000,00 илјади денари. Во прилог Ви ги праќам договорите за 2022, 2023 и 2024 година.

ПРИЛОЗИ:
- Меморандум за соработка бр.09-7081/1 од 19.12.2019 година;
-Одлука за избор бр.14-3243/6 од 30.06.2021 година;
-Финансиски и наративен извештај бр.08-940/55 од 24.12.2024 година;
-Договор бр.14-1404/5 од 18.02.2022; Договор бр.14-2917/1 од 28.04.2023 ; Договор бр.14-564/1 од 22.01.2024